Архивски бр. 08- 1859/1
датум 06-06-2022

# ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 27.04.2022 година во 9.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-33/4 од 31.01.2022 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Вишиот управен суд.

Претходно, со писмо од 15.02.2022 година претседателот на Вишиот управен суд беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателката на судот Исмета Амет која не извести, дека е намален приливот на предмети во судот со новиот Закон за управни спорови и дека во работа имаат вкупно 795 предмети, како и дека на месечно ниво им пристигнуваат по 260-270 предмети. Во судот нема неархивирани предмети, со тоа што Вишиот управен суд ќе почне со доставување на предметите кои што се чуваат трајно до Државниот архив на Република Северна Македонија.

Наведе дека генерално треба да се намали бројот на судски места по систематизација, затоа што во моментот имаат вишок на судии, односно 13 судии, од кои четворица ќе одат во пензија. Наведе дека во судот имаат потреба само од двајца дактилографи, додека стручни соработници имаат доволно, со тоа што за оваа година била добиена согласност за вработување на двајца стручни соработници.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Претседателката на судот укажа, дека треба да има посебен АКМИС за управното судство, од причина што во АКМИС-от немаат евиденција за донесените пресуди со полна јусрисдикција, дали пресудата ако била уважена е преиначена, немаат повратна информација дали органите на државната управа постапуваат по нивните одлуки. Укажа на потребата дека во АКМИС-от треба да се направи разлика помеѓу времените мерки и предметите од Академија на судии и обвинители, зошто АКМИС-от ги исклучува од прием на предмети судиите кои примаат времени мерки, со што се јавува проблем бидејќи тежината на предметите не е иста. Рокот за решавање на времените мерки е 15 дена, а рокот за решавање на предметите од Академија на судиии и обвинители е 7 дена. Исто така и изборните предмети треба да се одвојат од уписникот. Наведе дека во АКМИС се тргнати граѓанските и кривичните уписници.

Претседателката на судот го изнесе и проблемот кој се јавува кога Управниот суд ќе поништи акт и ќе го врати на органот на управата кој носи одлука и доколку повторно е оспорен во Управниот суд се заведува под нов број, поради што не може да се поврзе со стариот предмет. Со тоа што во Вишиот управен суд има само датум на прв прием на предметот во судот, а не и во органот кој ја донел одлуката. Од овие причини во судот нема стари предмети и не се применува одредбата од законот, според која втор пат укинат и вратен предмет второстепениот орган **мора да го реши мериторно.**

Наведе дека овие проблеми биле изнесени и пред Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматизираниот систем во судовите пред две години и дека било влезено во записник да се среди проблемот. Од страна на Едусофт била добиена повратна информација, дека оваа година ќе се имплементира, а Вишиот управен суд бил задолжен да ја следи имплементацијата. Во меѓувреме Вишиот управен суд не извести дека од страна на Едусофт на 18.05.2022 година поставена е нова верзија на АКМИС во која се имплементирани барањата на судот.

Со оглед на фактот дека ова е задача на Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС-от при Врховниот суд на Република Северна Македонија се дава следната:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

***ПРЕПОРАКА: Вишиот управен суд повторно да се обрати со Барање до Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматскиот систем во судовите при Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно членот 10 од Судскиот деловник,*** **за да се направи измена во АКМИС и да се прилагоди на управното судство, при што да се преиспита принципот за распределба на итните предмети.**

Едновремено ве потсетуваме дека Европската комисија редовно го следи функционирањето на Информацискиот систем за управување со судски предмети (АКМИС), препораките кои во континуитет се повторуваат како и последниот Извештј за земјата за 2021 година укажуваат на потребата да се подобри информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС) за да се обезбеди негова целосна функционалност и веродостојност. Воедно бараме Работното тело за стандардизација на постапките да биде потсетено на заклучокот бр 16 од состанокот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи од ноември 2021 според кој треба „ **да се осигури дека софтверот е усогласен со новите мерки за сложеност на случаите**".

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше констатирано дека е донесена Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот во 2022 година Су бр.03 02-67/2022 од 07.03.2022 година, додека пак за преходните години не биле носени одлуки за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот, туку Работното тело се формирало со Годишниот распоред за работата на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021 година по предлог на Работното тело.**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите се донесени и тоа: 0807 Су бр.0102-16/2019 од 09.01.2019 година, Су бр.0102-43/2020 од 24.01.2020 година и Су бр.0102-31/2021 од 27.01.2021 година.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 (член 17 од СД).**

Претседателот на судот врши редовен надзор над навременото и уредно извршување на работата на советите во судот и вработените во судската служба , за што биле составени Службени белешки за извршен надзор 0807 СУ бр.0302-190/2019 од 16.04.2019 година, СУ-01 бр.0102-68/2020 од 09.10.2020 година, СУ-01 бр.0102-80/2020 од 10.12.2020 година, СУ-01 бр.0102-30/2021 од 07.04.2021 година и СУ-01 бр.0102-68/2021 од 07.10.2021 година.

**4. Извештаи на Вишиот управен суд за работата на Управниот суд за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше утврдено дека Вишиот управен суд секоја година врши контрола на работата на Управниот суд, при што било констатирано, дека нема заостаток во недоставени жалби до повисокиот суд, а исто така драстично бил намален бројот на неархивирани предмети (пр. Извештај за извршена контрола Су-03 бр.0302-11/2021 од 08.04.2021 година).

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.**

Комисијата беше известена дека се одржуваат седници на судии најмалку еднаш месечно.

**6. Организирани обуки на судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД).**

Не се одржуваат обуки за работењето во АКМИС. Беше истакната потребата за континуирана и систематска обука на информатичарите и вработените во судот за работењето на АКМИС-от.

***ПРЕПОРАКА: Да се дефинираат потребите за континуирана обука и сертифицирани обуки за користење на АКМИС и барањето да се достави до Академијата за судии и јавни обвинители за реализација.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД).**

Судот има судски администратор Снежана Кипровска која е на ова работно место од 01.03.2022 година.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).**

Надзорната комисија констатираше дека е изготвен Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период, заведени под 0807 Су.бр.0101-197/2019 од 22.04.2019 година, Су бр.0102-20/2020 од 14.01.2020 година и СУ бр.0102-33/2021 од 27.01.2021 година. Безбедноста е решена на различни нивоа.

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судскиот совет, од страна на претседателот на судот.**

Надзорната комисија беше информирана, дека посебен извештај за реализација на програмата за работа не се доставува до Судскиот совет.

***ПРЕПОРАКА: Да се постапи по задолжението за доставување на Извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).**

Надзорната комисија утврди дека се изготвени внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период, заведени под 0807 СУ бр.0102-17/2019 од 09.01.2019, СУ бр.0102-42/2020 од 29.01.2020 година и СУ бр.0102-32 /2021 од 27.01.2021 година.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (член 66 СД).**

Согласно Годишниот распоред за работа на судот за 2021 година, работата е организирана во специјализирани судски совети и тоа:

- Специјализиран судски совет за имотно-правна обаласт и други права,
- Специјализиран судски совет за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од имотен однос, финансиски и други права и
- Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права во кој се формирани два совети од кои еден совет кој одлучува за правата од областа за даноци и други права и еден совет кој одлучува за правата од областа на царински давачки и други права.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД).**

Претседателката на судот изјави, дека во судот немаат потреба од оддел за судска пракса, од причина што нема промена во материјалните закони, аставовите се веќе изградени.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за 2019, 2020 и 2021 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД).**

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Вишиот управен суд за 2019 година бил донесен и заведен под 0807 Су.бр.0102-

480/2018 од 04.12.2018 година. Во 2019 година биле направени две измени и дополнувања на распоредот за работа заведени под 0807 СУ бр.0102 -228/2019 од 13.05.2019 година и 0807 СУ бр.0101-448/2019 од 17.10.2019 година.

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Вишиот управен суд за 2020 година бил донесен и заведен под 0807 Су.бр.0102-529/2019 од 10.12.2019 година. Во 2020 година биле направени две измени и дополнувања на распоредот за работа заведени под 0807 СУ бр.0102-41/2020 од 24.01.2020 година и 0807 СУ бр.0101-63/2019 од 05.02.2020 година.

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Вишиот управен суд за 2021 година бил донесен и заведен под Су.бр.0102-445/2020 од 29.12.2020 година. Во 2021 година биле направени две измени и дополнувања на распоредот за работа заведени под СУ бр.0102 -117/2021 од 06.04.2020 година и СУ бр.0302-364/2021 од 04.11.2021 година.

Измени на Годишен распоред на судии се врши по законски основ и тоа: ако има новопримени судии, долготрајно боледување, мерки од КОВИД пандемијата или пензионирање.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година (116).**

Со оглед на фактот, дека Вишиот управен суд е жалбен суд не се организираат дежурства.

**15. Просторија за адвокати (член 120 од СД).**

Надзорната комисија изврши увид во просториите на судот и констатираше дека нема просторија за адвокати, од причина што во судот нема слободни канцеларии.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД).**

Во судот има огласна табла но на веб страната на судот во делот известувања редовно се објавуваат сите новости.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**

Комисијата беше известена дека судот има формирано канцеларија за односи со јавноста.

Исто така, на барање на странка се доставува аноминизиран примерок од одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД).**

Автоматска распределба, како и прераспределба на предмети се врши од страна на водителот на писарницата Елизабета Антевска, а во нејзино отсуство постапува заменикот. Распределбата на предметите се врши еднаш дневно до 14:00 часот, а итните предмети веднаш се распределуваат.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2019, 2020 и 2021 година(175 став 5 СД).**

Надзорната комисија изврши увид во дел од одлуките за исклучување на судија од распределба на предмети. Исклучувањето на судија се врши со Одлука и наредба на претседателот на судот согласно Судскиот деловник. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

Комисијата констатира дека се изготвуваат месечни извештаи на Работното тело (пр. 0807 СУ-01 бр.0102-20/2019 од 14.02.2019, СУ-01 бр.0102-18/2020 од 14.02.2020 година, СУ-01 бр.0102–8/2021 од 15.01.2021 година).

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2019, 2020 и 2021 година.**

Надзорната комисија изврши увид во одлуките за повторна автоматска распределба заради иземање на судиите. Беше констатирано, дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени. Во изреката на одлуките јасно стои дека повторната распределба треба да се изврши преку АКМИС-от. Увид во СУ-ИЗЗ.бр.0306-1/2019 од 08.01.2019 година, СУ-ИЗЗ.бр.0306-66/2020 од 15.12.2020 година, СУ-ИЗЗ.бр.0306-2/2021 од 05.02.2021 година, СУ-ИЗЗ.бр.0306-6/2021 од 11.02.2021 година и СУ-ИЗЗ.бр.0306-29/2021 од 13.10.2021 година. Прераспределба по иземање прават уписничарите.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2019, 2020 и 2021 година 115 СД).**

На увид на Комисијата беа доставени Планови за годишен одмор за контролираниот период 0807 СУ бр.0101-480/18 од 01.07.2019 година, Су.бр.0302-279/2020 од 16.07.2020 година и СУ бр.0102-449/2020 од 01.07.2021 година. За време на годишниот одмор судиите не се исклучуваат од АКМИС системот. Исклучувањето од АКМИС-от се врши само кога судијата е на подолго боледување, по што повторното вклучување се врши по втор модел се додека не се изедначи со другите судии по бројот на примени предмети.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците за 2019, 2020 и 2021 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба (УЖ1, УЖ2, УЖ3, УЖВМ-1, УЖВМ-2, УЖВМ-3, УИЖ1, УИЖ2, УИЖ3, УРПЖ, УПРЖ, УПРЖВМ и УРП), нема уписници по кои постапува еден судија, освен уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот кои се водат во АКМИС и актите се изготвуваат во системот. Уписникот УПОВ (Уписник за повторување на постапки) е уписник кој не е вклучен на автоматска распределба од

причина што повторувањето на постапка го работи истиот судија кој постапувал по основниот предмет.

Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска расределба, освен поврзаните предмети.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година.**

Претседателката ја информираше Комисијата, дека само укинатите предмети и тужбите за повторување на постапката не одат на автоматска распределба туку согласно закон мора да се распределат на ист судија.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Вишиот управен суд Скопје.

За време на надзорот е заклучено дека капацитетот на серверот во судот е недоволен за непречено функционирање на АКМИС-от, а посебно за редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци кое се врши на посебени ленти. Претседателката на судот не информирање дека се обновени сите работнит станици во судот и дека имаат 20 персонални компјутери, како и принтери кои се во функција и истите е потребно да се дадат во институции каде имаат потреба од истите

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено фуннкционирање на АКМИС-от и целосно зачувување на резервните копии на податоци. Да се извести Судскиот совет на Република Северна Македонија дека во судот има 20 персонални компјутери и принтери во функција кои може да бидат донирани.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот немаат потреба од скенирање на документи, од причина што различен е системот, тие гопримаат предметот и по носењето на одлуката го враќаат во Управниот суд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

**27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во периодот од 13.00-14.00 часот од страна на уписничарите.

Исто така, на денот на надзорот при проверка на контролниците беа воочени по две распределби на ист датум од различни причини и тоа: На пример: На 21.01.2021-УПРЖ.бр.66/21-техничка грешка (предметот бил доделен во погрешен совет поради погрешно евидентиран основ во АКМИС (при првата распределба заедно со останатите предмети), веднаш е увидена грешката од страна на судија, сменет е основот и пуштен повторно на автоматска распределба при што добил судија согласно распоредот). На 24.08.2020 година, при автоматска распределба на предметите АКМИС-от направил нерамномерна распределба на истите при што е направено Известување на 26.08.2020 бр.1302-312/2020 за прераспределба на сите предмети; На 25.10.2019 година-Известување од 24.10.2019година и на 26.08.2019 година-погрешен избор при прераспределба.

Итните предмети се распределуваат веднаш. Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

***ПРЕПОРАКА: Потребна е итна надградба на АКМИС за да се обезбеди негова целосна функционалност.***

**28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и за контролираниот период се објавени сите одлуки кои што се донесени.

**29. Електронски прием на предмети од страна на судиите.**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**30. Уписници што се водат во хартиена форма.**

Надзорната комисија беше информирана дека во Вишиот управен суд сите уписници се водат електронски, освен СУ уписниците се водат во хартиена и електронска форма.

Увидот заврши на ден 27.04.2022 година во 14.30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
1828